**Политика за поднесување барања и склучување договори за засновање претлатнички однос со Друштвото за комуникациски услуги ВИП ОПЕРАТОР ДООЕЛ Скопје, (Вип оператор)**

**Нови и постоечки постпејд корисници**

Склучување договори за засновање на претплатнички однос со Вип оператор е дозволено само за полнолетни физички лица над 18 години и постоечки правни лица регистрирани во Република Македонија.

1. **Физички лица, државјани на Република Македонија над 18 години**
   a. **Потребни документи за склучување договори за засновање претлатнички однос со Вип оператор:**
      - Барање за засновање претплатнички однос со Вип оператор.
      - Согласност за проверка на платежната способност, (согласност за доставување извештај од Македонското кредитно биро АД Скопје).
      - Два валидни документа за лична идентификација со слика, (задолжително еден од документите за идентификација да биде лична карта или пасош, за пензионери покрај валидната лична карта или пасош, едниот документ може да биде пензиски чек од претходниот месец) – на увид.
      - Сметка од изминатите два месеца од други компании издавачи на сметки, ( од фиксен телефон, мобилен телефон, електрична енергија или топлификација) за проверка на адресата на достава на сметките. Доколку адресата во документите за идентификација не е иста со бараната адреса за достава на сметките на Вип оператор потребно е да се достават на увид две сметки од изминатите два месеца од други издавачи на сметки, ( од фиксен телефон, мобилен телефон, електрична енергија или топлификација).

   b. **Нови претплатнички линии:**
      - За новите корисници при склучување на договор за засновање претлатнички однос со Вип оператор дозволени се максимално две (2) претплатнички линии со субвенционирана опрема за договори со договорна обврска од 12 или 24 месеци.
      - За договорите на неопределено време или на договорна обврска од 3 месеци се дозволува опрема по цена за договор на 3 месеци.

   c. **Дополнителни претплатнички линии:**
      - Дополнителни претплатнички линии се дозволени 90 дена по потпишувањето на иницијалниот договор на физичките лица, кои што немаат отворени (неплатени) достасани сметки во овој период.
      - Бројот на дозволените дополнителни претплатнички линии зависи од интерната анализа на Вип оператор, но вкупниот број на претплатнички линии на еден претплатнички договор за физичко лице може да биде максимално пет (5).
      - На сите одобрени дополнителни претплатнички линии со договорна обврска од 12 или 24 месеци им следува субвенционирана опрема.
      - Дополнителните претплатнички линии се одобруваат со валидна лична карта или пасош на физичкото лице, носител на договорот.

**d. Обнова на постоечки валиден договор:**

- Обновата на постоечкиот валиден договор за сите претплатнички линии, за коишто истекува договорната обврска е дозволена за физичките лица, коишто немаат отворени, (неплатени) достасани сметки.
- За сите претплатнички линии, коишто ја обновуваат договорната обврска на нови 12 или 24 месеци им следува субвенционирана опрема.
- Обновата на претплатничките линии се одобрува со валидна лична карта или пасош на физичкото лице, носител на договорот.

**e. Обнова на постоечки раскинат договор поради неисполнети договорни обврски:**

- Обновата на постоечкиот раскинат договор е дозволена по измирувањето на сите обврски настанати од претходниот договор, како и настанатите евентуални судски трошоци,
- По измирувањето на сите обврски настанати од претходниот договор се склучува нов договор за засновање претлатнички однос со Вип оператор
- Бројот на максимално дозволените претплатнички линии е еднаков на бројот на претплатничките линии во претходниот раскинат договор, така што нови претплатнички линии не се дозволуваат.
- Склучувањето на нов договор за физичките лица, на коишто претходно им бил раскинат договорот поради неисполнети договорни обврски е дозволено само на 12 или 24 месеци договорна обврска при што не следува субвенционирана опрема за обновените претплатнички линии.
- Документите за склучување на нов договор за физички лица, на коишто претходно им бил раскинат договорот поради неисполнетите договорни обврски, се исти како и за склучување на нови договори за засновање претлатнички однос со Вип оператор.

**2. Физички лица државјани на Република Македонија постари од 75 години**

**a. Потребни документи:**

- Барање за засновање претплатнички однос со Вип оператор.
- Согласност за проверка на платежната способност, (согласност за доставување извештај од Македонското кредитно биро АД Скопје).
- Два валидни документа за лична идентификација со слика, (задолжително еден од документите за идентификација да биде лична карта или пасош, за пензионери покрај валидната лична карта или пасош, едниот документ може да биде пензиски чек од претходниот месец) – на увид.
- Сметка од изминатите два месеца од други компании издавачи на сметки, ( од фиксен телефон, мобилен телефон,електрична енергија или топлификација) за проверка на адресата на достава на сметките. Доколку адресата во документите за идентификација не е иста со бараната адреса за достава на сметките на Вип оператор потребно е да се достават на увид две сметки од изминатите два месеца од други издавачи на сметки, ( од фиксен телефон, мобилен телефон,електрична енергија или топлификација).

**b. Нови претплатнички линии:**

- За новите корисници при склучување на договор за засновање претлатнички однос со Вип оператор дозволена е максимално една (1) претплатничка линија со субвенционирана опрема за договори со договорна обврска од 12 или 24 месеци.
- За договорите на неопределено време или на договорна обврска од 3 месеци се дозволува опрема по цена за договор на 3 месеци.

**c. Дополнителни претплатнички линии:**

- Дополнителни претплатнички линии се дозволени 90 дена по потпишувањето на иницијалниот договорот на физичките лица, коишто немаат отворени (неплатени) достасани сметки во овој период.
- Бројот на дозволените дополнителни претплатнички линии зависи од интерната анализа на Вип оператор, но вкупниот број на претплатнички линии на еден претплатнички договор за физичко лице може да биде максимално пет (5).
- На сите одобрени дополнителни претплатнички линии со договорна обврска од 12 или 24 месеци им следува субвенционирана опрема.
- Дополнителните претплатнички линии се одобруваат со валидна лична карта или пасош на физичкото лице носител на договорот.

**d. Обнова на постоечки валиден договор:**

- Обновата на постоечкиот валиден договор за сите претплатнички линии, за коишто истекува договорната обврска е дозволена за физичките лица, коишто немаат отворени, (неплатени) достасани сметки.
- За сите претплатнички линии, коишто ја обновуваат договорната обврска на нови 12 или 24 месеци им следува субвенционирана опрема.
- Обновата на претплатничките линии се одобрува со валидна лична карта или пасош на физичкото лице, носител на договорот.

**e. Обнова на постоечки раскинат договор поради неисполнети договорни обврски:**

- Обновата на постоечкиот раскинат договор е дозволена по измирувањето на сите обврски настанати од претходниот договор, како и настанатите евентуални судски трошоци,
- По измирувањето на сите обврски настанати од претходниот договор се склучува нов договор за засновање претлатнички однос со Вип оператор
- Бројот на максимално дозволените претплатнички линии е еднаков на бројот на претплатничките линии во претходниот раскинат договор, така што нови претплатнички линии не се дозволуваат.
- Склучувањето на нов договор за физичките лица, на коишто претходно им бил раскинат договорот поради неисполнети договорни обврски е дозволено само на 12 или 24 месеци договорна обврска при што не следува субвенционирана опрема за обновените претплатнички линии.
- Документите за склучување на нов договор за физички лица, на коишто претходно им бил раскинат договорот поради неисполнетите договорни обврски, се исти како и за склучување на нови договори за засновање претлатнички однос со Вип оператор.

**3. Физички лица - странски државјанин со престој во Република Македонија**

**a. Потребни документи:**

- Барање за засновање претплатнички однос со Вип оператор
- Согласност за проверка на платежната способност
- Валиден пасош
- Дозвола за престој во Република Македонија или лична карта за странци
- Потврда за вработување со потпис и печат од компанијата каде што е вработено лицето, не постара од 15 дена, потврдувајќи го престојот во Р.Македонија најмалку 12 месеци од датата на потврдата за вработување

**b. Нови претплатнички линии:**

- За новите корисници – странски државјани при склучување на договор за засновање претплатнички однос со Вип оператор дозволени се максимално две (2) претплатнички линии со субвенционирана опрема за договори со договорна обврска од 12 месеци, (доколку има дозвола за престој над 24 месеци може да се склучи договор со договорна обврска од 24 месеци).
- За договори на неопределено време или на договорна обврска од 3 месеци се дозволува опрема по цена за договор на 3 месеци.

**c. Дополнителни претплатнички линии:**

- Дополнителни претплатнички линии се дозволени 90 дена по потпишувањето на иницијалниот договор на физичките лица – странски државјани коишто немаат отворени (неплатени) достасани сметки во овој период.
- Бројот на дозволените дополнителни претплатнички линии зависи од интерната анализа на Вип оператор, но вкупниот број на претплатнички линии на еден претплатнички договор за физичко лице може да биде максимално пет (5).
- На сите одобрени дополнителни претплатнички линии со договорна обврска од 12 или 24 месеци им следува субвенционирана опрема.
- Дополнителните линии се одобруваат со валиден пасош и дозвола за престој во Република Македонија или лична карта за странци, на Физичкото лице - странски државјанин носител на договорот.

**d. Обнова на постоечки валиден договор:**

- Обновата на постоечкиот валиден договор за сите претплатнички линии, за коишто истекува договорната обврска е дозволено за физичките лица - странци коишто немаат отворени (неплатени) достасани сметки.
- За сите претплатнички линии, коишто ја обновуваат договорната обврска на нови 12 или 24 месеци им следува субвенционирана опрема.
- Обновата на линиите се одобрува со валиден пасош и дозвола за престој во Република Македонија или лична карта за странци, на Физичкото лице - странски државјанин носител на договорот.

**e. Обнова на постоечки раскинат договор поради неисполнети договорни обврски:**

- Обновата на постоечкиот раскинат договор е дозволена по измирувањето на сите обврски настанати од претходниот договор, како и настанатите евентуални судски трошоци,
- По измирувањето на сите обврски настанати од претходниот договор се склучува нов договор за засновање претлатнички однос со Вип оператор
- Бројот на максимално дозволените претплатнички линии е еднаков на бројот на претплатничките линии во претходниот раскинат договор, така што нови претплатнички линии не се дозволуваат.
- Склучувањето на нов договор за физичките лица, на коишто претходно им бил раскинат договорот поради неисполнети договорни обврски е дозволено само на 12 или 24 месеци договорна обврска при што не следува субвенционирана опрема за обновените претплатнички линии.
- Документите за склучување на нов договор за физички лица – странски државјани на коишто претходно им бил раскинат договорот поради неисполнети договорни обврски, се исти како и за склучување на нови договори за засновање претлатнички однос со Вип оператор за странски државјанин со престој во Република Македонија.

**4. Физички лица државјани на Република Македонија над 18 години - склучување договори за засновање претлатнички однос со Вип оператор по пат на преносливост на претплатнички линии од друг оператор**

**a. Потребни документи:**

- Барање за засновање претплатнички однос со Вип оператор.
- Согласност за проверка на платежната способност, (согласност за доставување извештај од Македонското кредитно биро АД Скопје).
- Два валидни документа за лична идентификација со слика, (задолжително еден од документите за идентификација да биде лична карта или пасош, за пензионери покрај валидната лична карта или пасош, едниот документ може да биде пензиски чек од претходниот месец) – на увид.
- Сметка од изминатите два месеца од други компании издавачи на сметки, ( од фиксен телефон, мобилен телефон,електрична енергија или топлификација) за проверка на адресата на достава на сметките. Доколку адресата во документите за идентификација не е иста со бараната адреса за достава на сметките на Вип оператор потребно е да се достават на увид две сметки од изминатите два месеца од други издавачи на сметки, ( од фиксен телефон, мобилен телефон, електрична енергија или топлификација).
- Барање за пренесување на претплатнички број. Барањето за пренесување на претплатничка линија ке биде прифатено само доколку барателот ги исполнува условите за засновање претплатнички однос со Вип оператор т.е. ќе биде прифатено доколку барателот склучи договор за претплатнички однос со Вип оператор.
- Доколку новиот Договор, се склучува при поднесување на Барање за склучување на претплатнички договор за пренесување на број, истиот влегува во сила во моментот на фактичкото пренесување на бројот, за којшто се бара пренесувањето од операторот - давател на број, освен во случај кога барањето за склучување на претплатнички договор за пренесување на број е одбиено од операторот - давател на број. Доколку пренесувањето на бројот не е дозволено од операторот давател тогаш барањето за пренесување на број се одбива, а потпишаниот Договор за претплатнички однос со Вип оператор е невалиден.

**b. Нови претплатнички линии:**

- За новите корисници при склучување на договор за засновање претлатнички однос со Вип оператор дозволени се максимално пет (5) претплатнички линии со субвенционирана опрема за договори со договорна обврска од 12 или 24 месеци.
- За договорите на неопределено време или на договорна обврска од 3 месеци се дозволува опрема по цена за договор на 3 месеци.

**c. Дополнителни претплатнички линии:**

- Дополнителни претплатнички линии се дозволени 90 дена по потпишувањето на иницијалниот договорот на физичките лица, коишто немаат отворени (неплатени) достасани сметки во овој период.
- Бројот на дозволените дополнителни претплатнички линии зависи од интерната анализа на Вип оператор, но вкупниот број на претплатнички линии на еден претплатнички договор за физичко лице може да биде максимално пет (5).

- Барање за пренесување на претплатнички број. Барањето за пренесување на претплатничка линија ќе биде прифатено само доколку барателот ги исполнува погоре наведените услови и доколку пренесувањето на бројот е одобрено од операторот – давател.
- На сите одобрени дополнителни претплатнички линии со договорна обврска од 12 или 24 месеци им следува субвенционирана опрема.
- Дополнителните претплатнички линии се одобруваат со валидна лична карта или пасош на физичкото лице носител на договорот.

**d. Обнова на постоечки валиден договор:**

- Обновата на постоечкиот валиден договор за сите претплатнички линии, за коишто истекува договорната обврска е дозволена за физичките лица, коишто немаат отворени, (неплатени) достасани сметки.
- За сите претплатнички линии, коишто ја обновуваат договорната обврска на нови 12 или 24 месеци им следува субвенционирана опрема.
- Обновата на претплатничките линии се одобрува со валидна лична карта или пасош на физичкото лице, носител на договорот.

**e. Обнова на постоечки раскинат договор поради неисполнети договорни обврски:**

- Обновата на постоечкиот раскинат договор е дозволена по измирувањето на сите обврски настанати од претходниот договор, како и настанатите евентуални судски трошоци,
- По измирувањето на сите обврски настанати од претходниот договор се склучува нов договор за засновање претлатнички однос со Вип оператор
- Бројот на максимално дозволените претплатнички линии е еднаков на бројот на претплатничките линии во претходниот раскинат договор, така што нови претплатнички линии не се дозволуваат.
- Склучувањето на нов договор за физичките лица, на коишто претходно им бил раскинат договорот поради неисполнети договорни обврски е дозволено само на 12 или 24 месеци договорна обврска при што не следува субвенционирана опрема за обновените претплатнички линии.
- Документите за склучување на нов договор за физички лица, на коишто претходно им бил раскинат договорот поради неисполнетите договорни обврски, се исти како и за склучување на нови договори за засновање претлатнички однос со Вип оператор.

**5. Правни субјекти регистрирани во Република Македонија**

**a. Потребни документи:**

- Барање за засновање претплатнички однос со Вип оператор
- Согласност за проверка на платежната способност, (согласност за доставување извештај од Македонското кредитно биро АД Скопје).
- Извод за тековната состојба на правниот субјект издаден од Централниот регистар на РМ, не постар од 1 месец.
- Валиден печат од правниот субјект.
- Потписен картон на жиро-сметката на правното лице издаден од овластено лице во банката – депонент.
- Извод од банкарска сметка не постар од 30 дена.
- Лична карта или пасош од лицето, коешто го потпишува договорот, (законски застапник, вработен или трето лице, којшто е овластен со нотарски заверено полномошно) – на увид.
- Доказ за платежна способност издадена од банката -депонент, (извештај за солвентност издаден од банката) – за барања за над 10 претплатнички линии.

- Бонитет, односно извештај за билансот на состојба и податоци од билансот на успех потврдени од Централниот регистар на РМ, за барања над 25 претплатнички линии.

**b. Нови претплатнички линии:**

- На сите одобрени претплатнички линии со договорна обврска од 12 или 24 месеци им следува субвенционирана опрема.
- За договори на неопределено време или на договорна обврска од 3 месеци се дозволува опрема по цена за договор на 3 месеци.

**c. Дополнителни претплатнички линии:**

- Дополнителните претплатнички линии се дозволени на правните субјекти, коишто немаат отворени (неплатени) достасани сметки.
- На сите одобрени дополнителни претплатнички линии со договорна обврска од 12 или 24 месеци им следува субвенционирана опрема.
- Дополнителните претплатнички линии се одобруваат со лична карта или пасош од лицето, коешто го потпишува договорот, (законски застапник, вработен или трето лице, којшто е овластен со нотарски заверено полномошно) и валиден печат од правниот субјект.

**d. Обнова на постоечки валиден договор:**

- Обновата на постоечкиот валиден договор за сите претплатнички линии, за коишто истекува договорната обврска е дозволено за правните субјекти, коишто немаат отворени, (неплатени) достасани сметки.
- За сите претплатнички линии, коишто ја обновуваат договорната обврска на нови 12 или 24 месеци им следува субвенционирана опрема.
- Обновата на претплатничките линии се одобрува со извод за тековната состојба на правниот субјект издаден од Централниот регистар на РМ не постар од 1 месец, лична карта или пасош од лицето, коешто го потпишува договорот, (законски застапник, вработен или трето лице, којшто е овластен со нотарски заверено полномошно) и валиден печат од правниот субјект.

**e. Обнова на постоечки раскинат договор:**

- Обновата на постоечкиот раскинат договор е дозволено по измирувањето на сите обврски настанати од претходниот договор како и настанатите евентуални судски трошоци.
- По измирувањето на сите обврски настанати од претходниот договор се склучува нов договор за засновање претлатнички однос со Вип оператор.
- Склучувањето на нов договор за правните субјекти, на коишто претходно им бил раскинат договорот поради неисполнетите договорни обврски е дозволено само на 12 или 24 месеци договорна обврска при што не следува субвенционирана опрема за обновените претплатнички линии.
- Бројот на максимално дозволени претплатнички линии е еднаков на бројот на претплатнички линии во претходниот раскинат договор, така што нови претплатнички линии не се дозволуваат.
- Документи за склучување на нов договор за правни субјекти на коишто претходно им бил раскинат договорот поради неисполнети договорни обврски, се исти како и за склучување на нови договори за засновање претлатнички однос со Вип оператор за правни субјекти.

**6. Правни субјекти регистрирани во Република Македонија ослободени од ДДВ**

**a. Потребни документи:**

- Барање за засновање претплатнички однос со Вип оператор
- Согласност за проверка на платежната способност, (согласност за доставување извештај од Македонското кредитно биро АД Скопје).

- Извод за тековната состојба на правниот субјект издаден од Централниот регистар на РМ, не постар од 1 месец.
- Потписен картон на жиро-сметката на правното лице издадена од овластено лице во банката -депонент.
- Извод од банкарска сметка не постар од 30 дена.
- Лична карта или пасош од лицето, коешто го потпишува договорот, (законски застапник, вработен или трето лице, којшто е овластен со нотарски заверено полномошно).
- Валиден печат од правниот субјект.
- Валидна потврда за ослободување од ДДВ издадено од Владата на РМ.
- Доказ за својата платежна способност издадена од банката – депонент, (извештај за солвентност издаден од банката) – за барања над 10 претплатнички линии.
- Бонитет, односно извештај за билансот на состојба и податоци од билансот на успех потврдени од Централниот регистар на РМ, за барања над 25 претплатнички линии.

**b. Нови претплатнички линии:**

- На сите одобрени претплатнички линии со договорна обврска од 12 или 24 месеци им следува субвенционирана опрема.
- За договори на неопределено време или на договорна обврска од 3 месеци се дозволува опрема по цена за договор на 3 месеци.

**c. Дополнителни претплатнички линии:**

- Дополнителните претплатнички линии се дозволени на правните субјекти, коишто немаат отворени (неплатени) достасани сметки.
- На сите одобрени дополнителни претплатнички линии со договорна обврска од 12 или 24 месеци им следува субвенционирана опрема.
- Дополнителните претплатнички линии се одобруваат со лична карта или пасош од лицето, коешто го потпишува договорот, (законски застапник, вработен или трето лице, којшто е овластен со нотарски заверено полномошно) и валиден печат од правниот субјект.

**d. Обнова на постоечки валиден договор:**

- Обновата на постоечкиот валиден договор за сите претплатнички линии, за коишто истекува договорната обврска е дозволено за правните субјекти, коишто немаат отворени, (неплатени) достасани сметки.
- За сите претплатнички линии, коишто ја обновуваат договорната обврска на нови 12 или 24 месеци им следува субвенционирана опрема.
- Обновата на претплатничките линии се одобрува со извод за тековната состојба на правниот субјект издаден од Централниот регистар на РМ не постар од 1 месец, лична карта или пасош од лицето, коешто го потпишува договорот, (законски застапник, вработен или трето лице, којшто е овластен со нотарски заверено полномошно) и валиден печат од правниот субјект.

**e. Обнова на постоечки раскинат договор:**

- Обновата на постоечкиот раскинат договор е дозволено по измирувањето на сите обврски настанати од претходниот договор како и настанатите евентуални судски трошоци.
- По измирувањето на сите обврски настанати од претходниот договор се склучува нов договор за засновање претлатнички однос со Вип оператор.
- Склучувањето на нов договор за правните субјекти, на коишто претходно им бил раскинат договорот поради неисполнетите договорни обврски е дозволено само на 12 или 24 месеци договорна обврска при што не следува субвенционирана опрема за обновените претплатнички линии.

- Бројот на максимално дозволени претплатнички линии е еднаков на бројот на претплатнички линии во претходниот раскинат договор, така што нови претплатнички линии не се дозволуваат.
- Документи за склучување на нов договор за правни субјекти на коишто претходно им бил раскинат договорот поради неисполнети договорни обврски, се исти како и за склучување на нови договори за засновање претлатнички однос со Вип оператор за правни субјекти.

**7. Правни субјекти регистрирани во Република Македонија - склучување договори за засновање претлатнички однос со Вип оператор по пат на преносливост на линии од друг оператор**

**a. Потребни документи:**

- Барање за засновање претплатнички однос со Вип оператор.
- Согласност за проверка на платежната способност, (согласност за доставување извештај од Македонското кредитно биро АД Скопје).
- Извод за тековната состојба на правниот субјект издаден од Централниот регистар на РМ, не постар од 1 месец.
- Валиден печат од правниот субјект.
- Потписен картон на жиро-сметката на правното лице издаден од овластено лице во банката – депонент.
- Извод од банкарска сметка, не постар од 30 дена.
- Лична карта или пасош од лицето, коешто го потпишува договорот, (законски застапник, вработен или трето лице, којшто е овластен со нотарски заверено полномошно).
- Доказ за својата платежна способност издадена од банката -депонент, (извештај за солвентност издаден од банката) – за барања над 10 претплатнички линии.
- Бонитет, односно извештај за билансот на состојба и податоци од билансот на успех потврдени од Централниот регистар на РМ, за барања над 25 претплатнички линии.
- Барање за пренесување на претплатнички број. Барањето за пренесување на претплатничка линија ќе биде прифатено само доколку барателот ги исполнува условите за засновање претплатнички однос со Вип оператор т.е. ќе биде прифатено доколку барателот склучи договор за претплатнички однос со Вип оператор.
- Доколку новиот Договор, се склучува при поднесување на барање за склучување на претплатнички договор за пренесување на број, истиот влегува во сила во моментот на фактичкото пренесување на бројот за којшто се бара пренесувањето од операторот - давател на бројот, освен во случај кога барањето за склучување на претплатнички договор за пренесување на број е одбиено од операторот -давател на бројот. Доколку пренесувањето на бројот не е дозволено од операторот – давател, тогаш барањето за пренесување на број се одбива, а потпишаниот Договор за претплатнички однос со Вип оператор е невалиден.

**b. Нови претплатнички линии:**

- На сите одобрени претплатнички линии со договорна обврска од 12 или 24 месеци им следуваат субвенционирана опрема.
- За договори на неопределено време или на договорна обврска од 3 месеци се дозволуваат опрема по цена за договор на 3 месеци.

**c. Дополнителни претплатнички линии:**

- Дополнителни претплатнички линии се дозволени на правните субјекти, коишто немаат отворени (неплатени) достасани сметки.

- Барање за пренесување на претплатнички број. Барањето за пренесување на претплатничка линија ќе биде прифатено само доколку барателот ги исполнува погоре наведените услови и доколку пренесувањето на бројот е одобрено од операторот – давател.
- На сите одобрени дополнителни линии со договорна обврска од 12 или 24 месеци им следуваат субвенционирани комуникациски апарати.
- Дополнителните линии се одобруваат со лична карта или пасош од лицето, коешто го потпишува договорот, (законски застапник, вработено или трето лице, којшто е овластен со нотарски заверено полномошно) и валиден печат од правниот субјект.

**d. Обнова на постоечки валиден договор:**

- Обнова на постоечкиот валиден договор за сите претплатнички линии, за коишто истекува договорната обврска е дозволено за правните субјекти, коишто немаат отворени, (неплатени) достасани сметки.
- За сите претплатнички линии, коишто ја обновуваат договорната обврска на нови 12 или 24 месеци им следува субвенционирана опрема.
- Обновата на претплатничките линиите се одобрува со извод за тековната состојба на правниот субјект издаден од Централниот регистар на РМ, не постар од 1 месец, лична карта или пасош од лицето, коешто го потпишува договорот, (законски застапник, вработено или трето лице, којшто е овластен со нотарски заверено полномошно) и валиден печат од правниот субјект.

**e. Обнова на постоечки раскинат договор:**

- Обновата на постоечкиот раскинат договор е дозволено по измирувањето на сите обврски настанати од претходниот договор како и настанатите евентуални судски трошоци.
- По измирувањето на сите обврски настанати од претходниот договор се склучува нов договор за засновање претлатнички однос со Вип оператор
- Бројот на максимално дозволени претплатнички линии е еднаков на бројот на претплатничките линии во претходниот раскинат договор, така што нови претплатнички линии не се дозволуваат.
- Склучување на нов договор за правни лица, на коишто претходно им бил раскинат договорот поради неисполнети договорни обврски е дозволено само на 12 или 24 месеци договорна обврска при што не следува субвенционирана опрема за обновените претплатнички линии.
- Документите за склучување на нов договор за правни субјекти, на коишто претходно им бил раскинат договорот поради неисполнетите договорни обврски се исти како и за склучување на нови договори за засновање претлатнички однос со Вип оператор за правни субјекти.

**8. Уплата на парични средства, (аванс) како гаранција:**

- Вип оператор го задржува правото да побара уплата на парични средства (Аванс) како гаранција во сите погоре наведени категории а особено при:

1. Барање за Обнова на постоечки раскинат договор поради неисполнети договорни обврски – 2.000 денари Авансна уплата по претплатничка линија
2. 2. Барање за Нови претплатнички линии со месечна претплата над 2.000 денари – 3.000 денари Авансна уплата по линија
3. 3. Барање за нови линии од страна на Физички лица - странски државјанин со престој во Република Македонија – 12.000 денари Авансна уплата по Договор
4. Утврдување на платежна неспособност односно презадолженост базирана од извештаите на Македонското кредитно биро– 6.000 денари Авансна уплата по линија

при што доколку се склучи Договорот не следува субвенционирана опрема за претплатничките линиите

5. Бесплатно издавање на субвенционирани комуникациски апарати со субвенција поголема од 12.000 денари по линија – 2.000 денари Авансна уплата по линија. (Ова е во случај кога корисникот добива субвенционирана опрема бесплатно а продажната цена на истата опрема е над 12.000 денари)

- Авансните уплати се вршат во продажните салони на Вип оператор (во дилерските продажни места на Вип оператор не е можна Авансна уплата) или во банка на жиро сметката на Вип оператор

## 9. Одбивање на барање за засновање претлатнички однос со Вип оператор

- Вип оператор го задржува правото да го одбие барањето за засновање претлатнички однос со Вип оператор за сите погоре наведени категории, а особено:
    1. Доколку се утврди дека барателот има неподмирен долг кон Вип оператор
    2. Доколку барателот не ги обезбеди потребните документи за склучување на договор за претплатнички однос со Вип оператор.
    3. Доколку барателот е малолетен, (под 18 години).
    4. Доколку барателот не изврши уплата на побараните парични средства за гаранција, (аванс).
    5. Доколку е утврдена злоупотреба од страна на барателот.
    6. Доколку барателот не го плати надоместокот за почетно приклучување.
    7. Доколку се утврди дека барателот не поседува платежна способност.
    8. Доколку барателот направил повреда на одредбите од законот за електронски комуникации и друг закон, или пропис констатиран од надлежен државен орган.
    9. Доколку постојат ограничувања, коишто се во врска со капацитетот и техничките можности на Вип оператор.
    10. Доколку барањето за преносливост на броеви е одбиено од операторот - донор на броевите.
- Вип оператор е должен писмено да го извести барателот дека неговото барање е одбиено како и да ја образложи причината за одбивање на барањето за засновање претлатнички однос со Вип оператор.